2019 - 2020

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

КАТАЛОГ НА ИЗДАНИЈА

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И КУЛТУРА

МАРТ 2020

ИЗДАНИЈА

УГД

Универзитетски гласник

Објавување на одлуки, правилници, правила и други материјали донесени од Универзитетскиот сенат

Универзитетски билтен

Објавување на реферати за избор на наставно-научен кадар и објавување на рецензии за учебници и скрипти

Универзитетски весник

Актуелни теми од настаните кои се одвиваат во рамките на Универзитетот и пошироко

КОНТАКТ

contact@ugd.edu.mk

www.ugd.edu.mk

Издавач: Универзитет „Гоце Делчев” – Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев

Уредници: проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
м-р Влатко Јовановски
м-р Сања Гацов

Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска

Техничко уредување: Кире Зафиров

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Одделение за издавачка дејност и култура

м-р Сања Гацов	– советник во издавачка дејност
м-р Влатко Јовановски	– советник во издавачка дејност
Марија Манева	– советник во издавачка дејност
Благој Михов	– советник во издавачка дејност
Даница Гавриловска-Атанасовска	– лектор
Славе Димитров	– раководител

Комисија за издавачка дејност

Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева	– Земјоделски факултет, претседател
Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска	– Факултет за образовни науки
Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зелениковска	– Музичка академија
Проф. д-р Билјана Ѓоргеска	– Факултет за медицински науки
Проф. д-р Нина Даскаловска	– Филолошки факултет

ДООЕЛ „Уни-сервис” - Штип
Влатко Ничев - директор
Книжарници во кампусите на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Универзитетска библиотека – Штип
Библиотеки во кампусите на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

ISBN 978-608-244-816-9

ВОВЕД

Тринаесет години постоење на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Во својата тринаесетгодишна високообразовна и научноистражувачка работа Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип го промовира својот единаесетти по ред Каталог на изданија. Единаесеттиот Каталог на изданија е уште еден доказ повеќе дека нашиот Универзитет е релевантен фактор и една од водечките установи во високото образование во државата и пошироко во регионот.

Издавачката дејност опфаќа обемен и комплексен сегмент од работењето на нашиот современ, стабилен и модерен Универзитет. Новите информатички и комуникациски технологии, како и новите техники за научно истражување, се втемелени во современиот пристап во методите за наставната, во истражувачката, но и во реализирањето на издавачката дејност на Универзитетот. Современиот пристап во издаваштвото е водечка идеја во одржувањето и збогатувањето на фондот од академски учебници и учебни помагала во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Овој книжен фонд содржи околу 800 наслови на универзитетски електронски изданија со над 230.000 прегледи од корисниците на е-библиотеката. Од неодамна е обезбеден и слободен пристап во е-библиотеката на УГД. Целокупниот електронски книжен фонд на УГД е достапен не само за студентите и вработените на Универзитетот, туку и за пошироката јавност, преку најава во системот на е-библиотека од новоотворената опција за логирање како „најава за гости”.

Слободниот пристапот во е-библиотеката е нова дополнителна можност за изразување и презентирање на издавачката дејност на УГД. Нејзината содржина веќе е достапна не само за универзитетската фела, туку и за целокупната јавност, а тоа е и нашата определба за отворено, достапно и современо изразување на академската мисла, како двигател на јавното мислење.

Како Универзитет секогаш одиме во насока сè што правиме да прилега на времето во коешто живееме.

Нека ни е честит тринаесетгодишниот патронат и вековит Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип!

27 март 2020 г., Штип

Ректор,
проф. д-р Блажо Боев

Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија - скрипта
од Елена Веселинова

ISBN: 978-608-244-625-7
број на страници: 138
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Текстилните претпријатија во Р. Македонија се многубројни, некои повеќе, некои помалку успешни. Едно е заедничко за сите, тие ангажираат добар дел од работоспособното население низ земјава и остваруваат значаен девизен прилив од своите извозни активности.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/827

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија - практикум
од Елена Веселинова

ISBN: 978-608-244-626-4
број на страници: 41
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Текстилните претпријатија во Р.Македонија се многубројни, некои повеќе, некои помалку успешни. Едно е заедничко за сите, тие ангажираат добар дел од работоспособното население низ земјава и остваруваат значаен девизен прилив од своите извозни активности. Сепак, постои генерално мислење дека текстилните претпријатија ретко практикуваат стратегиско планирање.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/826



Надворешна трговија - практикум
од Емилија Митева-Кацарски

ISBN: 978-608-244-617-2
број на страници: 74
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Практикумот „Надворешна трговија“ е наменет, пред сè, за студентите на додипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кои ги изучуваат предметите Меѓународна економија и Надворешна трговија, но можат да го користат и сите останати кои се заинтересирани за оваа проблематика.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/821

Финансиско сметководство - учебник
од Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Благица Колева

ISBN: 978-608-244-603-5
број на страници: 317
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Учебникот „Финансиско сметководство“ од авторите проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска и доц. д-р Благица Колева претставува заокружена целина на материјалот поврзан со сметководствената евиденција на сите економски трансакции во профитно ориентираните деловни енитети (трговски друштва).

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/808

Електронско банкарство - скрипта
од Љупчо Давчев

ISBN: 978-608-244-602-8
број на страници: 93
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Она што денес се случува во банкарството во светот слободно би можело да се нарече технолошка револуција. Примената на информатичката технологија придонела на многу од корисниците на банкарски услуги да им го олесни животот, а, пак, на банките да им обезбеди поефикасно работење. Современите банки при своето функционирање мора постојано да ја докажуваат својата вредност и да го оправдаат своето постоење.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/807



Електронско банкарство - практикум
од Љупчо Давчев

ISBN: 978-608-244-601-1
број на страници: 61
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Банкарскиот систем во Република Македонија влегува во Интернет добата со светлосна брзина, адаптирајќи трендови кои веќе се развиле во развиени економии и применувајќи ги бргу за своите клиенти. Од 15-те банки кои имаат лиценца за работа во земјата, сите освен Македонската банка за поддршка на развојот нудат разни видови на електронско банкарство.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/806

Надворешна трговија - скрипта
од Емилија Митева-Кацарски

ISBN: 978-608-244-600-4
број на страници: 136
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Скриптата „Надворешна трговија“ е наменета, пред сè, за студентите на додипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кои ги изучуваат предметите Меѓународна економија и Надворешна трговија, но можат да ја користат и сите останати кои се заинтересирани за оваа проблематика.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/805

Стварно право
од Игор Камбовски

ISBN: 978-608-244-674-5
број на страници: 162
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Подготвувајќи го овој учебник, авторот имаше намера да ја освежи и актуелизира материјата на сопственосно-правните односи, во обем и стил што ќе ја направи пристапна и разбирлива на оние на кои првенствено им е наменета-студентите на прв циклус правни студии.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/866

Административно право и административна постапка
од Јадранка Денкова

ISBN: 978-608-244-673-8
број на страници: 399
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Административното право е динамична дисциплина која содржи бројни и брзи промени диктирани од напредокот и развојот на државата, организациската структура на истата, како и развојот на административниот систем од аспект на унапредувањето на ефективноста и ефикасноста на јавната администрација.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/865



Практикум по облигационо право
од Марија Амповска

ISBN: 978-608-244-672-1
број на страници: 214
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
ПРАКТИКУМ ПО ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/864

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Облигационо право-општ дел - скрипта
од Марија Амповска

ISBN: 978-608-244-671-4
број на страници: 121
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Учебното помагало „Облигационо право – општ дел (скрипта)“ е наменето за студентите на првиот циклус на правни студии како учебно помагало за предметот Облигационо право и согласно намената е усогласено со наставната програма што за овој предмет е предвидена на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/863



Скрипта финансово право - општ и посебен дел
од Кристина Мишева

ISBN: 978-608-244-664-6
број на страници: 71
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Скриптата „Финансово право – општ и посебен дел“, пред сè, има намена за интерна употреба на студентите на првиот циклус на студиите на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Основна цел на авторот е да направи еден скромен сублимат од трудовите од областа на финансиите и финансиското право, кои најчесто се во употреба на универзитетите во Република Македонија и регионот.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/857

Практикум по предметот финансово право
од Кристина Мишева

ISBN: 978-608-244-663-9
број на страници: 76
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Практикум по предметот Финансово право

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/856

Римско право - практикум 2
од Димитар Апасиев

ISBN: 978-608-244-662-2
број на страници: 116
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Овој втор интерен високошколски практикум по Римско право е наменет првенствено за студентите од прва година на Правниот факултет при државниот Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и за студентите на другите, јавни или приватни, правни факултети во Македонија кои овој предмет го слушаат како задолжителен или како факултативен, во првиот или во вториот семестар од студиите.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/855





Римско право - скрипта 2
од Димитар Апасиев

ISBN: 978-608-244-661-5
број на страници: 155
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Оваа втора интерна скрипта по Римско право е наменета, првенствено, за студентите од прва година на Правниот факултет при државниот Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, кои овој предмет го слушаат како задолжителен во вториот семестар од додипломските студии. Истата може да им послужи и на студентите на втор циклус постдипломски студии, особено на оние кои го имаат предметот Римско кривично право, во рамките на Казнено-правната мастер насока.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/854



Античка архитектура
од Трајче Нацев

ISBN: 978-608-244-624-0
број на страници: 256
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Учебникот „Античка архитектура” е наменет за студентите на Факултетот за образовни науки, Факултетот за архитектура и за студентите од Ликовната академија. Во учебникот ќе биде опфатена архитектурата од крајот на 6 до почетокот на 5 век пред н.е., па сè до крајот на 6 почетокот на 7 век, кога со аварословенските напади на Балканот била целосно уништена античката цивилизација.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/825

Основи на инклузивно образование - практикум
од Јадранка Рунчева

ISBN: 978-608-244-611-0
број на страници: 63
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Образованието е еден од основните столбови од кој зависи стабилноста, развојот и иднината на општеството. Образовните системи во светот континуирано претрпуваат промени со една единствена цел, да се обезбеди квалитетно образование за сите деца, идни граѓани на нашето општество. Секојдневните научни достигнувања бараат промени во образовните системи.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/816

Основи на инклузивно образование - скрипта
од Соња Петровска, Јадранка Рунчева

ISBN: 978-608-244-610-3
број на страници: 124
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Рамноправноста на луѓето е основна карактеристика на хуманите општества. Во научните и политичките расправи посветени на образовните проблеми, како и во практиката многу често се среќаваат поимите демократизација, соработка, антидискриминација, еднаквост, индивидуализација, диференцијација, интеграција, инклузија, со цел да се изразат аспирациите за создавање на образовен систем во кој секој ќе има еднакви можности да ги задоволи сопствените образовни потреби и ќе го добие заслуженото место во општеството.
линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/815

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Практикум по фитотерапија
од Викторија Максимова, Михаил Александров

ISBN: 978-608-244-669-1
број на страници: 94
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Ова учебно помагало „Практикум по фитотерапија“ е едно од првите изданија од оваа област во нашиот високообразовен систем, кое ќе им помогне на студентите по фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во совладување на знаењата за хербалните препарати и нивното соодветно користење.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/861

Фитотерапија - скрипта
од Лилјана Колева-Гудева, Викторија Максимова, Михаил Александров

ISBN: 978-608-244-668-4
број на страници: 308
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Фитотерапијата или современата хербална медицина претставува научна дисциплина која ја проучува употребата на лековитите растенија и нивните производи во превенцијата и во третманот на заболувањата кај човекот. Современата хербална медицина денес доживува едно посебно научно внимание кое е во согласност со сè поголемите барања на современиот човек...

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/860

Клиничка фармакологија - практикум
од Трајан Балканов, Марија Дарковска-Серафимовска, Зорица Арсова-Сарафиновска

ISBN: 978-608-244-666-0
број на страници: 86
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Овој практикум со наслов „Клиничка фармакологија“ е наменет првенствено за студентите на студиските програми Фармација и Општа медицина кои го слушаат предметот Клиничка фармакологија на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Текстот е претставен во согласност со наставниот план и програма по Клиничка фармакологија, а подготвен со цел да им помогне на студентите во совладувањето на предвидениот материјал и да им го направи учењето полесно и поинтересно.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/859

Клиничка фармакологија - скрипта
од Трајан Балканов, Марија Дарковска-Серафимовска, Зорица Арсова-Сарафиновска

ISBN: 978-608-244-665-3
број на страници: 126
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Скриптата „Клиничка фармакологија“ е наменета првенствено за студентите на студиските програми Фармација и Општа медицина кои го слушаат предметот Клиничка фармакологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Текстот е претставен во согласност со наставниот план и програма по Клиничка фармакологија, а подготвен со цел да им помогне на студентите во совладувањето на предвидениот материјал и да им го направи учењето полесно и поинтересно.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/858



Ендокринологија - скрипта
од Ивица Смоковски, Валентина Велкоска-Накова

ISBN: 978-608-244-656-1
број на страници: 101
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Скриптата по ендокринологија е наменета за студенти, интернисти, семејни лекари и други здравствени работници кои се заинтересирани за ова подрачје од медицината. Целта е да се приближи ендокринологијата во една компактна и корисна форма. Темите се фокусирани од патофизиолошката основа до диференцијална дијагноза и третман на ендокринолошките заболувања.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/849

Практикум по ендокринологија со протоколи на испитување
од Ивица Смоковски, Валентина Велкоска-Накова

ISBN: 978-608-244-655-4
број на страници: 30
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Целта на овој практикум е да овозможи брз преглед на најчесто користените тестови во клиничката ендокринологија и не претендира да биде исцрпен учебник од областа на ендокринологијата.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/848



Ортопедија на заби и вилици - скрипта
од Софија Царчева-Шаља, Сандра Атанасова, Михајло Петровски,
Оливера Терзиева-Петровска

ISBN: 978-608-244-653-0
број на страници: 106
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Скрипта со чијашто помош ќе се запознаете со основите на ортопедија на вилиците. Со нејзина помош ќе се запознаете со основите на нормалната оклузија, основните типови на малоклузија и со денталните аномалии. Во оваа скрипта посебен дел е одвоен и за ортодонтските дијагностички процедури и за кефалометријата.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/846

Ортопедија на заби и вилици - практикум
од Софија Царчева-Шаља, Сандра Атанасова, Михајло Петровски,
Оливера Терзиева-Петровска

ISBN: 978-608-244-652-3
број на страници: 69
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Презентиран е материјалот кој ви е потребен за совладување на практичната настава од областа на ортодонцијата. Содржината на овој практикум во целост ја покрива наставната содржина која се изучува на студиските програми за доктори по дентална медицина и стручните забни техничари-протетичари.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/845

Токсиколошки и клиничко-токсиколошки анализи: протоколи за лабораториска работа
од Даринка Ѓоргиева-Ацкова

ISBN: 978-608-244-651-6
број на страни: 60
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Овој практикум претставува збир од протоколи и препораки за изведување на експериментална лабораториска работа по предметот Клиничко-токсиколошки анализи за студентите на Факултетот за медицински науки, стручни студии-медицински лаборант и дел од истоименот предмет на студиска програма од интегрираните студии по фармација.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/844

Практикум по судска медицина
од Наташа Давчева

ISBN: 978-608-244-639-4
број на страници: 94
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Практикумот по судска медицина претставува водич низ практичната настава по предметот Судска медицина, наменет за студентите по општа медицина и стоматологија. Во него се сместени 12 поглавја кои соодветствуваат со програмата за вежби по судска медицина на Факултетот по медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/839

Клиничка токсикологија - итна дијагноза и третман
од Андон Чибишев

ISBN: 978-608-244-634-9
број на страници: 150
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Клиничката токсикологија е научна област која како составен дел на интерната медицина најдоцна почна да се практикува и да се развива во рамките на медицинската наука во Република Македонија.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/834

Фармацевтска биотехнологија - практикум
од Катарина Смилков, Спасе Стојанов

ISBN: 978-608-244-622-6
број на страници: 47
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Овој практикум е наменет да обезбеди основен квантум на практични знаења и вештини од областа на фармацевтската биотехнологија, како понова фармацевтска дисциплина. Како таков ги обработува основните практични аспекти поврзани со производството и проценката на квалитет на фармацевтските препарати од биотехнолошко потекло.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/823

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП

Вовед во стоматолошка протетика - практикум
од Катерина Златановска, Јулија Заркова-Атанасова,
Дарко Кочовски, Љупка Лазарова

ISBN: 978-608-244-615-8
број на страници: 77
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Почитувани студенти, пред вас се наоѓа практикумот по предметот Вовед во стоматолошка протетика, ракопис со чија помош ќе се запознаете и ќе ги сознаете основите во стоматолошката протетика.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/820



Вовед во стоматолошка протетика - скрипта
од Катерина Златановска, Јулија Заркова-Атанасова, Дарко Кочовски,
Љупка Лазарова

ISBN: 978-608-244-614-1
број на страници: 106
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Почитувани студенти, пред вас се наоѓа скриптата по предметот Вовед во стоматолошка протетика, ракопис со чија помош ќе се запознаете и ќе ги сознаете основите во стоматолошката протетика.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/819

Дентална терапија – ендодонција - скрипта
од Наташа Лонгурова, Ивона Ковачева

ISBN: 978-608-244-608-0
број на страници: 122
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Ракописот за „Дентална терапија – ендодонција (скрипта)“ е наменета за студентите од Студиската програма за стручен забен техничар протетичар. Претставува единствен од ваков вид и во него се застапени сите теоретски содржини предвидени со студиската програма, кои ќе ги задоволат едукативните потреби на студентите.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/813

Клиничка биохемија
од Татјана Рушковска

ISBN: 978-608-244-599-1
број на страници: 248
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Учебникот „Клиничка биохемија“ почнав да го создавам во сега веќе далечната 2009 година кога за прв пат бев ангажирана на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, токму на предметот Клиничка биохемија. Уште на почеток од мојот ангажман почнав да подготвувам материјали во текстуална форма со цел на студентите да им го олеснам совладувањето на наставните содржини.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/804

Практикум по општа и неорганска хемија
од Маја Чочевска, Виолета Иванова-Петропулос

ISBN: 978-608-244-596-0
број на страници: 90
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
„Практикумот по општа и неорганска хемија“ е наменет за студентите на Факултетот за медицински науки, на студиската програма Фармација, со цел полесно спроведување на практичната настава на курсот по Општа и неорганска хемија.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/795

Методи на испитување во подготовка на минерални суровини - практикум
од Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска

ISBN: 978-608-244-670-7
број на страници: 59
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Рецензираниот практикум „Методи на испитување во подготовката на минерални суровини“ е наменет за студентите од II година на Институтот за рударство при Факултетот за природни и технички науки и напишан е во согласност со Наставниот план и програмата за предметот Методи на испитување во подготовката на минерални суровини, со фонд на часови (2+1+1)...

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/862

Ентериер и екстериер
од Васка Сандева, Катерина Деспот

ISBN: 978-608-244-631-8
број на страници: 291
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Книгата е замислена како наставен материјал доволен да го покрие вкупното градиво по предметот Ентериер и екстериер, наменет за студентите по архитектура и дизајн, но и за сите кои се занимаваат со концептите на дизајнот.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/831

Дизајн на мебел
од Катерина Деспот, Васка Сандева

ISBN: 978-608-244-630-1
број на страници: 253
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
На Факултетот за природни и технички науки во Штип, предметот Дизајн на мебел им се предава на студентите од трета година Архитектура и дизајн, студиска програма Дизајн на мебел и ентериер со фонд на часови 2+2+1. Основна цел на овој предмет е да ги запознае студентите со основните елементи на дизајнот на мебел.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/830

Просторни концепти во културата
од Петар Намичев

ISBN: 978-608-244-613-4
број на страници: 247
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Материјалот што е обработен во овој учебник првенствено е наменет за студентите по архитектура и дизајн, но и за сите кои се занимаваат со материјата на проектирање и дизајнирање на просторни концепти кои се однесуваат на објектите од областа на културата.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/818

Технологија за заштита на животната средина
од Киро Мојсов

ISBN: 978-608-244-657-8
број на страници: 287
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Потребата за изработка на учебникот „Технологија за заштита на животната средина" е голема, пред сè, за студентите на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кои према наставниот план го слушаат предметот Технологија за заштита на животната средина во четврта година на насоките за Нови технологии и материјали и Технологија на материјали (фонд на часови 2+2+1) за да може да добијат знаења за загаденоста на животната средина...

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/850

Психологија на облекувањето
од Јордан Ефремов

ISBN: 978-608-244-612-7
број на страници: 136
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Феноменот на модата, облеката и облекувањето е навистина комплексен. Овој феномен се согледува од аспект на социологијата, историјата, антропологијата и костимографијата. Еден од позначајните, повеќе специфични и неизбежни аспекти на облекувањето исто така е и неговиот психолошкиот аспект, поточно самата психологија која што облекувањето со себе ја носи.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/817

Процесна техника во прехранбената индустрија - учебник
од Ристо Ѓ. Кукутанов

ISBN: 978-608-244-604-2
број на страници: 352
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Во Република Македонија се произведуваат овошје и зеленчук со извонреден квалитет (арома, вкус, боја) благодарејќи на аридната клима, ведрото небо и интензивната инсолација (зрачење на сончева енергија). Свежото овошје и неговите преработки претставуваат многу важни и незаменливи прехранбени продукти, кои на човековиот организам му обезбедуваат не само потребни калории, туку и биолошки значајни и неопходни компоненти за правилна функција на истиот.

линк за споделување:
http://e-lib.ugd.edu.mk/809



Теорија на сигнали и системи
од Сашо Гелев

ISBN: 978-608-244-659-2
број на страници: 294
издадена: 2019
јазик: македонски
краток опис:
Во физичкиот свет, која било мерлива количина низ времето или над просторот може да се земе како сигнал. Во рамките на комплексното општество, која било човечка информација или податок од компјутер, исто така, може да се земе како сигнал. Такви информации или податоци од компјутер (на пример, точките на екранот, измислувањето на мастилото со кое се пишува на лист хартија или зборовите што се вртат во главата кога се чита некоја книга) сите мора да бидат дел од системи кои постојат во физичкиот свет – било дали се од мртвата или живата природа.

линк за споделување:
